821.163.3(062)

**Сарита Трајанова**

# НАУЧНА РАСПРАВА ЗА КРИТИКАТА
(кон Меѓународната научна конференција
*Критика и молк: читање на македонската литература и култура*,
МАНУ, 7 и 8 ноември 2016)

SCIENTIFIC DISCUSSION ON CRITICISM

Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го одбележа **35-годишниот јубилеј од основањето** со меѓународна научна конференција на тема *Критика и молк: читање на македонската литература и култура*, која се одржа во Македонската академија на науките и уметностите на 7 и 8 ноември 2016 година.

Од пријавените 70 учесници, на Конференцијата зедоа учество 63 научни истражувачи, професори, писатели и културолози. На самиот почеток, поздравни говори одржаа претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, акад. Таки Фити, ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски и директорката на Институтот за македонска литература, проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ. Тие го изразија задоволството од бројот на учесници кои се заинтересирани да проговорат на оваа мошне актуелна тема за критиката во книжевноста и во другите области на хуманистиката. Во пленарната сесија настапија релевантни теоретичари и автори: К. Ќулавкова (Скопје), В. Бити (Виена), Ј. Талвет (Тарту) и С. Стојменска-Елзесер (Скопје). Тие проговорија за херменевтичките аспекти на македонската книжевна критика, за новиот тренд во науката за литературата наречен „етичка книжевна критика“ и залагањата за толкување и оценување на литературата и културата во контекст на светската литература, како и за актуелните тенденции во критичкиот

пристап кон литературата, задржувајќи се на критиката како практика на посткритичко читање. Понатамошната работа на Конференцијата се одвиваше во десет сесии со амбициозна идеја да се претстави целокупноста на аспектите на критиката – критиката во македонската литература и култура, вредносни канони, културата во услови на пазарно општество и книжевниот живот во Македонија.

Одредени учесници го анализираа еволутивниот развој на македонската книжевна критика (М. Јакимовска-Тошиќ, В. Миронска-Христовска, В. Смилевски, Л. Татаровска, В. Мојсова-Чепишевска, К. Николовска, Ј. Плевнеш, Сузана В. Спасовска). Книжевната критика се разгледуваше во рамките на развојниот континуитет на македонската книжевност. Во нејзиното историографско проследување се подвлече посебноста на средновековната книжевна проблематика, како и на критичката мисла во македонскиот XIX век, за чијшто развој придонеле секојдневните полемики што се воделе во однос на идеолошките, економските, социјалните и верските прашања. Се воочи дека поезијата и критиката не се побиваат, туку едната ја создава другата, односно критичарот не може да се задржи на растојание од песната којашто е основно јадро на критичкиот дискурс. Во време кога нема вистинска критика, се согледа суштинскиот недостиг од вистинска беседа и во исто време се потсети на драгоцените оратори и беседничари од македонскиот литературен контекст. Меѓу претставниците на македонската книжевна критика се истакна значењето на првите критичари-есеисти, теоретичари на книжевноста, Димитар Митрев, Милан Ѓурчинов, Георги Старделов, Слободан Мицковиќ, Гане Тодоровски, Влада Урошевиќ...

Валоризацијата на македонската литература и култура во минатото и сегашноста покажува дека критиката ги презентирала вредностите на своето време, секогаш во дослух со актуелниот миг на општествената комуникација. Повеќето македонски автори и ерудити, меѓу кои големата личност и разновидното книжевно творештво на Блаже Конески, избраните дела од Славко Јаневски и Петре М. Андреевски, критичките читања на Катица Ќулафкова, го предизвикаа критичкото внимание на дел од учесниците (Г. Сталев, В. Стојчевска-Антиќ, Н. Аврамовска, К. Малеска, А. Прокопиев, К. Димовска). Се укажа дека со оглед на промените и новостите во

методолошките алатки, секогаш има потреба од нови преиспитувања на делата на големите автори од различни аспекти (марксистички, феминистички, деконструкциски...). Се проговори за современиците Д. Дурацовски, И. Џепароски, Е. Лафазановски, писатели и, пред сѐ, мисловни личности, кои носат несомнена доследност во својот авторски и критериумски однос кон литературата, современоста и смислата на живеењето.

Интересно е што странските учесници беа инспирирани да творат на македонски теми. Така, З. Крамариќ (Осиек), Л. Мороз-Гжелак (Варшава), Р. Виденовиќ (Ниш) елаборираа за критичките опуси на Димитар Митрев, Милан Ѓурчинов и Георги Старделов, кои се меѓу најзаслужните наши дејци за забрзаниот развој на македонската книжевност и се основоположници на македонската книжевно-критичка мисла. М. Дебнар (Нитра) се осврна на романот „Враќањето на зборовите“ од Гоце Смилевски, а Д. Костадиновиќ (Ниш) говореше за Христо Георгиевски и неговите научни и критички судови за современата македонистика и компаратистика. А. Пауновиќ (Белград) го презентираше својот научен оглед за иманентната поетика на Влада Урошевиќ и Раша Ливада, изразена преку дискурсот на урбаното - динамичниот простор на градот во поезијата на двајцата поети. В. Фирт (Берлин) подвлече дека македонската литература има неоспорни вредности и квалитет и неминовно треба да се направат потребните институционални заложби за привлекување на интересот на странските издавачи. Ж. Миловановиќ (Нови Сад), фокусирајќи се на креативните предности на антологискиот пристап во верификацијата на македонската литература, укажа дека антологиите даваат можност за критичко превреднување и воспоставување на нови вредности.

На Конференцијата стана збор за научната заснованост на критиката (М. Довиќ, М. Ѓорѓиева-Димова, Ј. Мојсиева-Гушева, С. Стојчевски). Се преиспита значењето на концептот на канонот и канонизацијата, особено во областа на уметноста и хуманистичките науки каде што ограничен број на индивидуални уметници се нарекуваат „класици“ или „великани“ и се предложи проширување на концептот со вклучување на антрополошката димензија. Во системот на книжевно-научните дисциплини се афирмираше

посредувачката улога на книжевната критика помеѓу книжевната наука/теорија и книжевно-уметничката, креативната практика. Местото на книжевната критика, како дисциплина, се определи помеѓу науката и уметноста.

Конференцијата беше инспирација за неколку теми поврзани со македонското **женско писмо** (А. Ѓурчинова, Л. Капушевска-Дракулевска, А. Мартиноска, М. Даниловска). Се направи анализа на повеќе клучни имиња на жени-критичарки во македонската академска критика и акцентот се стави на книжевните и културните теми кои го провоцираат нивното критичарско перо. Се даде кус статистички преглед на добитниците на најзначајните книжевни награди во Македонија во последните две децении и се констатира родов (дис)баланс на добитниците, односно маргинализација на литературата создавана од жените-авторки.

Современата македонска критичка мисла има свои специфики, но таа не можеше да се разгледува надвор од контекстот на глобалните тенденции. Согледувајќи го денешното опстојување на критиката, дел од учесниците истакнаа дека таа неминовно мора да се адаптира на **дигиталната ера** (Е. Шелева, Л. Георгиевска-Јаковлева, А. Гогора, Д. Ангеловски, О. Ќорвезироска). Наспроти традиционалните методи, кај критиката во хуманистичкото подрачје сè повеќе е изразена употребата на дигиталните алатки и дигиталните методи. Се разгледаа повеќето улоги на денешниот критичар и се поставија прашањата „кој сè денес се смета за „критичар" и кој сè денес (си дозволува да) ја узурпира таа одговорна улога?... Дали блогерот – фејсбукчија прераснува во новиот критичар на 21 век?" Се изнесоа размислувања дека литературата сè повеќе се „расејува" низ социјалните мрежи, се префрла на „ѕидовите" на Фејсбук, а критиката, иако сведена на полето за коментар, со голема брзина поттикнува отворени дискусии и му противречи на молкот. Преиспитувајќи ја улогата на уметничката критика денес, се постави прашањето за целната публика на критиката. Се воочи дека книжевната критика има сè помало влијание на читателската публика и во изменетите услови таа не е единствена во одредувањето што е вредна литература. Од друга страна, новите знаења за вкусот на читателската публика нужно го менуваат карактерот на книжевната критика.

Дел од учесниците се обидоа да ја обелоденат личната, индивидуализираната поставеност на критичарот (Л. Старова, И. Велев, Г. Смилевски, А. Рецепи, Е. Баковска, С. Трајанова). Се покажа дека личното искуство на критичарот влијае на неговиот став спрема литературата. Дека има книжевни критичари кои со својата интервенција, под услов делото да им се допаднало, едноставно го продолжуваат, како еден вид автори – критичари на прочитаното дело или инспирација за лик во некое следно дело. Она што е заедничко и за читателите и за критичарите е естетското доживување, задоволството во текстот како доминанта на критичката опсервација. За да биде критичарот модератор на книжевните движења, учесниците повикаа на морална одговорност на критичарот, на неопходното чувство за самокритичност со што критиката да не се сведува само на вкус, туку на аргументи, кои се клучни средства во процесот на критичко мислење и расудување. Учесниците проговорија и за перцепираната симбиоза на авторот и неговото дело, за неможноста делото да се восприема и да се оценува независно од неговиот автор. По истата аналогија, кај критичкиот суд се проверува кој го пишува или изрекува, како и кон кого е насочена критичката опсервација.

Се направи обид да се детектираат актуелните состојби во македонската критика и се наиде на запоставена мисија на критиката, криза на нејзиниот идентитет условена од различни социјални, идеолошки, културни и етички фактори (И. Џепароски, К. Бакија, М. Павловски, А. Стојаноска, Д. Поповска, Л. Стојановиќ-Лафазановска, Ј. Попова, В. Нонески, В. Јанчевски, Е. Пренџова, А. Соколовска-Јуруковска). Дезориентацијата на актуелната книжевна критика во Македонија се анализираше како одраз на севкупната глобална состојба во Европа и во светот, а причините за дезориентацијата се бараа и во неможноста таа, денес, успешно филозофски да се заснова. Брзината на комуникацијата, напредокот на технологиите за „креирање слики“, површните вреднувања, доведуваат до неизбежна опасност од една општа релативизација на вредностите. Релативно слабиот критички однос се должи и на масовната културна продукција која е овозможена од лесната достапност до јавноста и ниските трошоци за објавување, но, во исто време, резултира со нејзина непрегледност, непрепознатливост, а

оттука и нерелевантност. Се констатира отсуство на критиката во повеќе уметнички области. Состојбата со ликовната критика е аналогна со состојбите во уметноста среде енормна заситеност од информации. Театарската критика речиси не постои, а е толку значајна и релевантна за валоризација на театарските претстави. Новинската критика се истиснува од медиумите во Македонија, се „прогонува" на последните страници од весниците или во последните минути од информативните изданија на радијата и телевизиите. Во светот на брзина и површност сè се сведува на промотивна информација и се губи можноста за образложение што критиката го има како своја темелна постапка. Критичката етнологија и антропологија се повеќе отсутни, отколку присутни во Македонија. Сите овие состојби на отсуство на релевантна критика се должат на дезинтеграцијата на институциите од областа на културата под ударот на консумеризмот и комерцијализацијата на сите вредности.

Се проговори за парадоксите на критиката, за губењето на нејзината намена и функција во последните децении, за прашањето за цензура, кога борејќи се против неа се воспоставуваат сè подобри механизми за нејзино функционирање. Интересна констатација изнесе М. Шукало (Бања Лука) – „критиката сè повеќе ја губи моќта на говорот во сегашниов цивилизациски ќор-сокак". Оттука и молчењето, како еден од најинтересните комуниколошки феномени, се разгледа не само како отсуство на критичкиот дискурс, туку и како немоќ и неснаоѓање во новата духовна ситуација која е многу комплексна и бара нови пристапи (Р. Кралик, М. Павликова, Д. Коцевски, В. Димова, П. Волнаровски).

Поводот за Конференцијата – 35-годишниот јубилеј на Институт за македонска литература - беше инспирација да се презентираат критичките согледби на повеќе еминентни македонски писатели и научници, изнесени на трибината во 1976 година, за потребата од создавање на Институт за литература и оформување на квалификувано книжевно јадро како „неопходност на нашиот културен развиток" (С. Ковилоски). Всушност, Конференцијата, преку темата за критиката овозможи и еден вид процена на целокупната дејност на Институтот за македонска литература и неговата активна улога во валоризирањето на македонската

литература и култура, како и во негувањето и во обликувањето на трајните вредности.

Речиси сите учесници на оваа научна конференција ја идентификуваа неминовноста од сериозна и втемелена критика во сите сфери на уметноста и враќање на нејзината моќ за афирмација на авторот и за обликување на книжевната и културната сцена.